# ПРОЕКТ COBISS.NET - II ФАЗА
## *поддршка на знаењето и меѓукултурниот дијалог*

За информациското општество, кое го поддржува развојот што се темели на знаењето, библиотечно-информациските и информациските системи се многу важна инфраструктура за истражувачката дејност без која не може да се замисли современото образование и истражувањата, а исто така и културниот, технолошкиот и економскиот развој.

Библиотеките сè потешко ги делиме на оние кои со своите информациски извори и услуги ги задоволуваат потребите на научните работници, на оние кои ги задоволуваат потребите на учесниците во образованието и на оние кои припаѓаат во сферата на културата. Денес, корисниците на библиотеките очекуваат дека до податоците за библиотечната граѓа и другите извори кои се потребни при работењето или забавата, најбргу ќе дојдат преку Интернет (зголемен е бројот на граѓата во дигитализирана форма), а не со посета на една или повеќе библиотеки. Потребата за пребарување на разните каталози и бази на податоци, можно е најефикасно да се задоволи преку интегрираниот библиотечен систем кој ги вклучува сите видови библиотеки. COBISS е референтен модел на таквиот систем со мултифункционални бази на податоци.




Иако е неспорно дека развојот на националните кооперативни библиотечни системи со заемната каталогизација е оптимална цел, мал број држави успеале да воспостават национални библиотечно-информациски системи. Воспоставувањето национален систем е најчесто оневозможено поради некоординираната автоматизација на поодделните библиотеки со различна програмска поддршка и заради ресорната припадност на библиотеките кон разните министерства кои, при планирањето на развојот на библиотеките, меѓусебно не соработуваат. Ваквите проблеми Словенија ги има скоро успешно решено и затоа е подготвена своите искуства да ги даде на располагање на другите држави.

Развојот на националните информациски системи за истражувачката дејност КРИС (CRIS – Current Research Information Systems) е, исто така, составен дел од информациските стратегии на повеќето држави. Достапноста и транспарентноста на информациите за резултатите на истражувачката дејност се, впрочем, услов за пренос на знаењето во практиката и унапредувањето на иновациите. Неспорно е дека најефикасниот начин за водење на библиографиите на истражувачите може да се воспостави само во рамките на кооперативните библиотечно-информациски системи. Поврзаноста на двата система е особено важна за вреднување на резултатите на истражувачката дејност.

Некогашната заедница на југословенските национални библиотеки во 1987 година го прифатила системот на заемната каталогизација како заедничка основа на библиотечно-информацискиот систем и системот на научните и технолошките информации на Југославија. Улогата на информациски и библиографски сервис и носител на развојот на организациските решенија и програмската поддршка ја презел Институтот за информациските науки (ИЗУМ) од Марибор (Словенија).




Во 2003 година беше потпишан Договорот за воспоставување на мрежата COBISS.Net и слободен проток на библиографските записи кои се креираат во автономните библиотечно-информациски системи на Босна и Херцеговина, Македонија, Словенија и Србија и Црна Гора. COBISS.Net (www.cobiss.net) е рамка за постигнување синергиски ефекти со меѓусебното поврзување на националните библиотечно-информациски системи. Врз основа на наведениот договор, веќе во првата (2005) година, меѓу системите бесплатно се разменети 25.000 библиографски записи, што претставува голема заштеда на време и трошоци за каталогизација на библиотечната граѓа.

COBISS.Net ефикасно го поддржува меѓукултурниот дијалог во регионот, што посебно ги потврдуваат позитивните искуства во Босна и Херцеговина.

## Цели на проектот COBISS.Net - II фаза

1. Да се забрза автоматизацијата и вклучувањето на библиотеките од државите учеснички во националните библиотечно-информациски системи и во мрежата COBISS.Net, како и што побргу да се обезбеди достап до информациите за библиотечната граѓа која ја имаат библиотеките во регионот.

2. Да се заинтересираат библиотеките во Република Албанија, Република Бугарија, Република Хрватска и на Косово да ги искористат можностите за побрз развој што го обезбедува вклучувањето во мрежата COBISS.Net.

3. Да се усогласат правилата за обработка на библиотечната граѓа во сог-ласност со меѓународните препораки и стандарди.

4. Да се воспостават компатибилни информациски системи за истражувачката дејност во државите учеснички (бази на податоци за истражувачите, истражувачките организации и истражувачките проекти) и со тоа да се обезбеди поширока достапност до информациите за истражувачките потенцијали и резултатите од истражувачката работа.

5. Да се заинтересираат надлежните министерства и универзитетите во државите учеснички, концептот за водење на библиографиите на истражувачите во рамките на националните библиотечно-информациски системи да го прифатат, исто така, и на ниво на националните истражувачки политики и со тоа да обезбедат транспарентност на резултатите од истражувачката дејност.

6. Да се забрза употребата на резултатите од истражувачката дејност и со тоа да се стимулираат иновациските процеси, но и економскиот и општествениот развој во регионот.

## Долгорочна придобивка за регионот

Активирањето на развојните потенцијали на регионот е, независно од институцијата, скоро секогаш тесно поврзано со развојот на човечките потенцијали и соживотот во јазичната и културната разновидност. Да наведеме само неколку институционални иницијативи што експлицитно го стимулираат знаењето и науката и кои со употребата на системот COBISS.Net стануваат транспарентни развојни фактори: регионалните насоки на УНЕСКО за т.н. држави на Југоисточна Европа, Рамковни програми за истражување во ЕУ (Western Balkan Countries како целна група на државите), Средноевропска иницијатива (CEI – Central European Initiative) и др.

Вклучувањето во COBISS.Net од аспект на Европската унија може да придонесе кон хомогенизација и усогласување на библиографските системи независно од многуразличниот статус на државите на определеното географско подрачје во однос на придруженоста или придружувањето кон ЕУ. Оваа усогласеност претставува секако долгорочна придобивка бидејќи механизмите на меѓусебните размени и транспарентноста го консолидираат геополитичкиот простор на подрачјето на знаењето, науката и културата.

## Развој на системот COBISS и апликацијата Е-КРИС

Во 1991 година ИЗУМ го промовира системот COBISS (Кооперативен онлајн библиографски систем и сервиси) како надградба на системот за заемната каталогизација. Во периодот на распаѓањето на Југославија, во системот учествувале 55 библиотеки од сите некогашни републики. Библиотеките надвор од Словенија истапиле од заедничкиот систем на заемната каталогизација но, постапно, скоро сите ја обновиле соработката со ИЗУМ и денес во своите држави воспоставуваат автономни библиотечно-информациски системи врз платформата на COBISS.

COBISS претставува организациски модел на поврзување на библиотеките во библиотечно-информациски систем со заемна каталогизација, заемно библиографско-каталошка база на податоци COBIB и локална база на податоци од библиотеките учеснички, но исто така и со бројни други функции на т.н. виртуелна библиотека. Стручните основи и технолошките претпоставки за функционирање на системот се:

- стандардизирана и заемна обработка на библиотечната граѓа и уедначено водење на каталозите;
- адекватна оспособеност на стручните работници за заемната каталогизација;
- сметачка и комуникациска поврзаност на библиотеките.

COBISS2 и COBISS3 се две генерации од програмската поддршка на COBISS за автоматизација на библиотечното работење и достап до разните бази на податоци на Интернет. Програмската поддршка која ИЗУМ ја развива и одржува, поддржува разни функции на библиотеките и библиотечно-информациските сервиси со корисничките меѓуврски на повеќе јазици (словенечки, српски, босански, македонски и англиски).

COBISS.SI, COBISS.BH, COBISS.MK, COBISS.SR и COBISS.CG се ознаки на автономните библиотечно-информациски системи што се воспоставуваат во поодделните држави (Словенија, Босна и Херцеговина, Македонија, Србија и Црна Гора) со сопствени заемни бази на податоци (COBIB.SI, COBIB.BH, COBIB.MK, COBIB.SR, COBIB.CG). Во рамките на наведените системи, за автоматизација на своето работење, програмската поддршка COBISS ја користат преку 380 библиотеки. Националните библиотечно-информациски системи заеднички ги обликуваат библиотечно-информациските сервиси и библиотеките кои учествуваат во системот на заемната каталогизација.

Врз основа на искуството во развојот на информацискиот систем за истражувачката дејност во Словенија (SICRIS), во 2005 година ИЗУМ развил универзална интернетска апликација Е-КРИС за воспоставување информациски систем за истражувачката дејност со базите на податоци за истражувачите, истражувачките организации и проектите. Структурата на податоците е усогласена со препораките CERIF (Common European Research Information Format).

COBISS.Net е назив на мрежата која меѓусебно ги поврзува автономните (национални) кооперативни библиографски системи COBISS од различните држави. Програмската поддршка COBISS технички овозможува пре-земање на записи од која било заемна база на податоци COBIB и од каталогот ОЦЛЦ (WorldCat), а воедно е планирана и можноста за преземање на библиографски записи од некој од заемните каталози од Европа.

## Што им овозможува ИЗУМ на библиотеките во мрежата COBISS.Net?

ИЗУМ е непрофитна организација - јавен завод кој никогаш, ниту надвор од Словенија, не настапувал со ситни комерцијални позиции. Во поширокиот простор, со своите стручни и иновативни иницијативи, е присутен веќе две децении и за тој период се здобил со голема доверба. На библиотеките во мрежата COBISS.Net им овозможува:

1. Проверени организациски решенија и програмска поддршка COBISS за автоматизација на библиотечната дејност во услови на автономни национални библиотечно-информациски системи со заемна каталогизација во мрежата COBISS.Net.
2. Проверена методологија и програмска поддршка за водење на библиографиите на истражувачите во системот COBISS и апликацијата за воспоставување национален информациски систем за истражувачката дејност (Е-КРИС).
3. Различни програми за образование на кадрите (библиотекари и информатичари) со можност за добивање лиценца за организирање курсеви за корисниците на апликациите COBISS во рамките на националните библиотечно-информациски сервиси.
4. Годишна меѓународна конференција COBISS која веќе станала традиционален облик на размена на искуствата при разрешување на проблемите на автоматизацијата и поврзувањето на библиотеките во регионот.

ИЗУМ со библиотеките вон Словенија не соработува непосредно, туку преку националните библиотечно-информациски сервиси во државите учеснички.

## Улога на националните библиотечно-информациски сервиси

Националните библиотечно-информациски сервиси по правило се во состав на националните библиотеки на државите учеснички. За библиотеките во својата држава ги вршат следниве задачи:

- планирање и усогласување на активностите во врска со сметачкото поврзување на библиотеките;
- обезбедување и одржување заеднички сметачки и комуникациски капацитети за работа на системот и централните сервиси;
- обезбедување програмска поддршка COBISS и корисничка документација за заемна каталогизација, за локална библиотечна дејност и за други сервиси;
- управување со заемната база на податоци COBIB;
- стручна помош на библиотеките при набавка, инсталација и одржување на сметачката опрема;
- организирање образование и стручна помош за библиотеките и другите корисници на програмската поддршка и сервисот COBISS;
- стручна помош на библиотеките при конверзија и пренос на податоците од другите системи;
- проверка на оспособеноста на стручните работници во библиотеките за учествување во заемната каталогизација;
- организирање достап до странските информациски сервиси и бази на податоци врз основа на конзорциски договори, во колку се тие поврзани со функциите на COBISS.

Библиотеките кои сакаат да се вклучат во националниот библиотечно-информациски систем, мораат да склучат договор за полноправно членство со библиотечно-информацискиот сервис.

## Резултати од I-та фаза на проектот COBISS.Net

COBISS е веќе присутен во поголем број држави во Западен Балкан кои своите национално-информациски системи ги развиваат во рамките на мрежата COBISS.Net.

### Словенија

Автоматизацијата и поврзувањето на библиотеките во национални библиотечно-информациски системи е подрачје врз кое Словенија, благодарејќи на системот и сервисите COBISS, добила голема предност во однос на државите во регионот. Во тоа подрачје таа спаѓа меѓу најразвиените држави во Европа (http://www.sibis-eu.org).

Во Словенија, исто така, постои паралелно воспоставен и информациски систем за истражувачка дејност (SICRIS – http://sicris.izum.si), кој ги вклучува базите на податоци за истражувачите, истражувачките организации, истражувачките групи, истражувачките програми и проектите со непосреден достап до библиографиите на истражувачите во системот COBISS.Sl.

Задачите на националниот библиотечно-информациски сервис во системот COBISS.Sl ги извршува ИЗУМ, чија дејност, речиси во целост ја финансира Владата на Република Словенија.

### Босна и Херцеговина

Врз основа на проектот "Сметачко поврзување на библиотеките во БиХ преку Интернет", во 1998 година ИЗУМ потпишал договор со пет универзитети во БиХ за основање јавен завод "COBISS centar" (за извршување на задачите на биоблиотечно-информацискиот сервис во системот COBISS.BH), а универзитетите потпишале договор за основање на јавниот завод "BIHARNET centar" (за развој и управување со академската и истражувачката мрежа BIHARNET). После војната тоа биле први институции со основачи од двата ентитета. Во наредните години проектот во голема мера го кофинансирала Владата на Република Словенија.

Мрежата BIHARNET била воспоставена со десет јазли во поголемите места на БиХ и со врска до европската академска мрежа TEN-34 преку Словенија. Така, универзитетите и библиотеките во БиХ добиле бесплатен достап до Интернет. На библиотеките кои се вклучиле во системот COBISS.BH им била обезбедена потребната поддршка, а во разните форми на образование биле вклучени преку 300 библиотекари и информатичари. По истекот на донаторската програма на Владата на Република Словенија, во почетокот на 2001 година, работата на мрежата BIHARNET била прекината бидејќи надлежните министерства не успеале да се договорат околу покривањето на трошоците. Поголем број од библиотеките морале достапот до Интернет да го обезбедат преку комерцијалните понудувачи, а на некои тоа им е овозможено преку поодделни врски на универзитетите со академските мрежи на други држави (Австрија, Хрватска).

Надлежните министри на Федерацијата БиХ, Република Српска и Република Словенија, во јуни 2001 година, во Љубљана потпишале Договор за обезбедување услови за меѓусебна врска на академските и истражувачките мрежи, и библиотечно-информациските системи на Република Словенија и Босна и

Херцеговина. Преземените обврски министрите на БиХ не ги исполниле. Притоа, поради водење на погрешна политика на BIHARNET центар, се распаднала мрежата BIHARNET, а центарот денес постои само на хартија.

Во септември 2004 година, исто така е прекината работата на COBISS-центарот и системот COBISS.BH, бидејќи надлежните министерства на БиХ не успеале да обезбедат системско финансирање на неговата дејност. Со финансиска поддршка на Министерството за образование и наука на Кантонот Сараево, во март 2005 година, во рамките на Народната и универзитетска библиотека БиХ било формирано одделение "ВиББиХ центар" кое ги презело опремата и задачите на COBISS-центарот. После потпишување на рамковниот (заштитниот) договор за имплементација на системот COBISS во БиХ, во почетокот на април, системот COBISS.BH е повторно активиран.

Федералното министерство за образование и наука, Министерството за образование и наука на Кантонот Сараево и Националната и универзитетска библиотека на Босна и Херцеговина, во февруари 2006 година, потпишаа договор за формирање Регистар на научни институции, научни кадри, научни проекти и вложувања во инфраструктурата.

**Македонија**

Системот за заемна каталогизација COBISS.MK е воспоставен во 2001 година, а рамковниот договор за имплементација на системот COBISS во Македонија, ИЗУМ и Народната и универзитетска библиотека во Скопје го потпишале во 2004 година. Врз таа основа наведената библиотека го формирала одделението "ВБМ центар" кој ги извршува задачите на национален библиотечно-информациски сервис во системот COBISS.MK.

Минатите години приврзаниците на COBISS во Македонија имале проблеми со повеќегодишните носители на (неуспешни) проекти за Системот на научни и технолошки информации на Македонија, кои и во последната фаза се обиделе да ја воведат во Македонија својата програмска поддршка.

Министерството за култура на Република Македонија, во последниве две години, дале голема поддршка за опремување на народните библиотеки во сите поголеми градови во Македонија, а Министерството за образование и наука, при крајот на 2005 година, најавило дека ќе бара од истражувачите задолжително изготвување библиографии во системот COBISS.MK. Апликацијата Е-КРИС.MK за воспоставување евиденција на истражувачите, истражувачките организации и проектите е во фаза на преведување.

**Србија**

Повеќегодишните настојувања на Министерството за наука, технологија и развој на Србија, во библиотеките да се воведат сметачки апликации за единствен систем за взаемна каталогизација, немале адекватен резултат. Во 2001 година, изработен е проектот Виртуелна библиотека на Србија (ВБС), којашто финансиски ја поддржа и Фондот за отворено општество. Тогаш се изедначуваат верзиите на програмската опрема COBISS во Народната библиотека на Србија (НБС), Библиотеката Матица Српска (БМС) и Универзитетската библиотека "Светозар Марковиќ" (УБСМ).

Системот за взаемна каталогизација COBISS.SR е воспоставен во 2003 година, кога меѓу ИЗУМ и НБС бил потпишан рамковен договор за имплементација на системот COBISS во Србија. Извршена е синтеза на електронскиот каталог на БМС со електронските каталози на НБС, УБСМ и ЈУБИН. Во НБС е формиран посебен сектор "ВБС Центар" , којшто сега многу успешно ги врши задачите на национален библиотечно-информациски сервис во системот COBISS.SR. Взаемниот каталог на системот во моментот умрежува 44 библиотеки и содржи 1.6 милиони библиографски записи. Системот ВБС се развива и понатаму: 15 библиотеки се во постапка за добивање лиценци за работа, а Центарот ВБС дава услуги за континуирана едукација за работа во системот.

Покрај системот ВБС (COBISS.SR) во некои градови на Војводина се инсталира програмскиот пакет БИСИС, којшто го развива тим на стручњаци од Природно-математичкиот факултет во Нови Сад. Нединстевениот пристап за развој на библиотечниот систем, библиотекарската струка во Србија  го оценува како погрешна политика.

Универзитетската библиотека во Белград, во декември 2005 година, ја презела координацијата на активностите за воспоставување евиденција на истражувачите, истражувачките организации и проектите (Е-КРИС.СР), а библиотеките почнале да изготвуваат библиографии на истражувачи во системот COBISS.SR.

**Црна Гора**

Системот на заемна каталогизација COBISS.CG бил воспоставен во 2001 година. Вклучувањето на библиотеките не одело според планот на министерот за образование и наука, и тогашниот ректор на Универзитетот на Црна Гора. Новиот ректор сметал дека високошколските библиотеки не би требало да се поврзат во системот COBISS.CG. Но, бидејќи министерот за образование и наука и министерката за култура го поддржуваат развојот на системот COBISS.CG, позитивните чекори се веќе видливи.

Централаната народна библиотека на Црна Гора во меѓувреме обезбедила организациски и кадровски услови за извршување на задачите на библиотечно-информацискиот сервис во системот COBISS.CG. Рамковниот договор за имплементација на системот COBISS во Црна Гора е пред потпишување. Универзитетската библиотека во Подгорица ја презела координацијата на активностите за воспоставување евиденција на истражувачите и истражувачките организации (Е-КРИС.ЦГ).

**Косово**

Народната и универзитетска библиотека во Приштина ја користела програмската поддршка COBISS до 1999 година; во 2002 година ИЗУМ го посетил претставникот на УНМИК (стручњак за библиотекарство од САД) кој покажал интерес за обнова на соработката, но неговите наследници тргнале  по друг пат.

На барање на косовското Министерство за култура, ИЗУМ во 2003 година го подготвил нацрт-проектот "Виртуелна библиотека на Косово", кое наведеното министерство го превело на албански јазик и го претставило пред библиотеките. За жал, многу повлијателни биле советниците на УНМИК кои кумувале на одлуката Народната и универзитетска библиотека да ја имплементира програмската

поддршка Алеф 500, на израелско-американското претпријатие Екс либрис. Договорот бил потпишан во март 2004 година. Според достапните информации, од тој проект уште нема видливи резултати. Претставниците на Министерството за култура и некои јавни библиотеки од Косово, кои учествувале на конференцијата COBISS 2005, уште се надеваат дека сепак ќе дојде до имплементација на COBISS.

**Хрватска**

Националната и универзитетска библиотека на Хрватска (НСК), после распаѓањето на Југославија, се одлучила да не го употребува повеќе системот COBISS, а развојот на програмската поддршка за библиотечната дејност (без концепцијата за развој на библиотечно-информацискиот систем на Хрватска) го доверила на некое хрватско претпријатие. Некои библиотеки се обиделе да ја продолжат соработката со ИЗУМ (Универзитетската библиотека во Пула до 2001 година), но поради различни притисоци, морале да се приклонат кон званичната политика.

Надлежните министерства на Хрватска во 2001 година одлучиле изработката на II-та фаза на проектот Национален информациски систем на библиотеките на Република Хрватска - НИСКА, да го доверат на фирмата ИБМ Хрватска. Се претпоставува дека потпишаниот договор не бил реализиран бидејќи носителите на проектот не ја познавале проблематиката на библиотекарството.

Во мај 2005 година, ИЗУМ бил поканет од НСК во Загреб да се пријави на конкурс за избор на квалификувани понудувачи за програмска поддршка за потребите на наведената библиотека. Во разговорот со претставниците на НСК било констатирано дека станува збор за обид да се реши проблемот само со автоматизацијата на НСК, бидејќи за другите библиотеки таа не е надлежна. Пријавата на ИЗУМ со понудата за воспоставување библиотечно-информациски систем во Хрватска врз платформата на COBISS, според тогашното мислење на директорот на НСК, би можела да биде повод за одлуката за поинаков концепт околу опремувањето на библиотеките. ИЗУМ од таа причина се пријавил на конкурсот, меѓутоа тој во јули 2005 година бил поништен, со незванично известување за негово повторување во септември. Меѓутоа, ИЗУМ добил електронско известување дека нема да има повторен конкурс бидејќи била донесена одлука за набавка на програмската поддршка "Voyager" од американско производство.

Во ноември 2005 година ИЗУМ пратил повторен предлог до Министерот за наука, образование и спорт на Република Хрватска, за разгледување на неговата понуда за вклучување во мрежата COBISS.Net.

**Албанија**

Во периодот од октомври до декември 2005 година, ИЗУМ воспоставил контакти со претставниците на разните министерства и кабинетите на Владата на Република Албанија. Соговорниците биле заинтересирани за соработка при опремувањето на нивните библиотеки, но притоа укажале на состојбата во некои од нив што не се развојно ориентирани. На конференцијата COBISS 2005 учествувале двајца претставници од Министерството за култура и претставници од двете универзитетски библиотеки од Тирана.

Соработката со библиотеките во Албанија веројатно не е можно да се воспостави без претходен договор помеѓу Владата на Република Словенија и Владата на Република Албанија.

### Бугарија

Во почетокот на 2006 година делегација на ИЗУМ ја посетила Националната библиотека на Бугарија со информативна понуда за соработка. Едновремено, словенечкиот амбасадор во Будимпешта за тоа ги известил надлежните во Владата на Република Бугарија.

Соработката со библиотеките во Бугарија веројатно не е можно да се воспостави без претходен договор помеѓу Владата на Република Словенија и Владата на Република Бугарија.

## Меѓународна помош за развојот

Библиотеките се свесни за својата мисија и затоа нивниот интерес за употреба на современа информациска технологија и вклучување во меѓународната мрежа се сè поголеми. Локалните пресметковни извори на финансирање на таквите проекти се крајно ограничени, така што нивната реализација, во почетните фази, зависи од меѓународната помош.

**Владата на Република Словенија,** во последниве петнаесет години, на Босна и Херцеговина, Македонија, Србија и Црна Гора, преку разни видови помош (непосредна финансиска помош, опрема, образование на кадри ...) им овозможила да пристапат кон изработка на своите кооперативни библиотечни системи на што е можно поорганизиран начин. Треба да се очекува дека таа помош ќе продолжи.

**OXP** (Office of the High Representative) во Босна и Херцеговина повеќе години многу активно соработувал со ИЗУМ во настојување дека институционално ќе го реши статусот на академската и истражувачката мрежа BIHARNET, но не успеал во надминување на политичките несогласувања помеѓу ентитетите во БиХ. За поддршка на системот COBISS.BH, OXP не бил заинтересиран, бидејќи тоа би бил "комерцијален" проект на Словенија.

**ВУС Австрија** (World University Service), на одделни универзитети и факултети во БиХ, финансирал бројни проекти на локални сметачки мрежи (дури и според нацртите што ги изработил ИЗУМ), но не бил заинтересиран да го поддржи развојот на мрежата BIHARNET, бидејќи им давал предност на одделните сателитски врски до Виена.

**УНДП** (United Nations Development Programme) во решавање на проблематиката на BIHARNET се вклучил на повик на ИЗУМ и OXP. Бидејќи мрежата BIHARNET веќе функционирала со десет јазли и со меѓународна врска преку Словенија, УНДП во 2000 година подготвил обемен проект за инвестирање во нејзиниот развој и во комерцијалните информациски инфраструктури на БиХ. Независно што имало многу предупредувања дека станува збор за научна фантастика, проектот го поддржале OXP, ректорите на некои универзитети, па и сите оние кои претходно се спротивставувале на концепцијата на мрежата BIHARNET и системот COBISS.BH.

Набргу се покажало дека заработката на проектантите од САД и на некои други биле единствен мотив за тој проект (елаборат).

**ООСИ** (Österreichisches Ost- und Südosteuropa-Institut) од Виена за ширењето на COBISS во државите на Западен Балкан имал изразито позитивен однос. Така, пред неколку години го финансирал опремувањето на библиотеките во Тузланскиот кантон и проектот за вклучување на т.н. австриски библиотечни збирки во Сараево, Белград, Нови Сад, Скопје и Битола во мрежата COBISS.Net.

**British Council** во БиХ го кофинансирал образованието на библиотекарите за употреба на апликацијата COBISS, а во Македонија учествувал, на партнерска основа, во уредувањето на мултимедискиот Центар за конференции и студии.

**Open Society Institute** од Будимпешта уште пред неколку години финансиски го поддржал сметачкото опремување на некои македонски библиотеки, а најзначаен е неговиот придонес во реализацијата на првата фаза од проектот "Виртуелна библиотека на Србија" - COBISS.SR.

Во рамките на програмата **ЕУ - Темпус** бил кофинансиран проектот за изградба на кооперативна мрежа на академски библиотеки во Србија, вклучително со набавката на потребната опрема за универзитетските библиотеки во Белград, Ниш и Крагуевац. Во рамките на истата програма бил кофинансиран и проектот "Creating e-Library Integrated in Faculty Information System" на едниот од факултетите на Универзитетот во Скопје кој бил вклучен во системот COBISS.MK.

**ЦЕИ** (Cenral European Initiative) ги кофинансирал трошоците за учеството на библиотекарите од државите на ЈИЕ на конференцијата COBISS 2005.

**UNESCO-ROSTE** на иницијатива на ИЗУМ во ноември 2005 година во Марибор, организирал тркалезна маса за нацрт-извештајот под наслов "Accessing and Disseminating Scientific Information in South Eastern Europe". Во извештајот, кој го подготвил INASP (Оксфорд), COBISS е препознаен како еден од најефикасните и најперспективните системи за поврзување на библиотеките во поеделните држави. Учесниците од Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Србија и Црна Гора и Словенија и UNESCO-ROSTE во таа пригода констатирале дека би било потребно дополнително советување за начините на опфатот и претставувањето на информациите за резултатите на истражувачката дејност во спомнатите држави. Така, под покровителство на UNESCO-ROSTE и словенечката Национална комисија за УНЕСКО, во март 2006 година во Марибор ќе се организира втора тркалезна маса на тема "Организирање на информации за истражувачките потенцијали и резултатите од истражувачката работа".

Треба да се засилат настојувањата **Европската комисија** во програмите за помош на развојот на државите од Западен Балкан да вклучи и финансирање на развојот на информациската инфраструктура која се воспоставува со мрежата COBISS.Net. Досегашните конкурси во рамките на разните програми (на пр. CARDS, INCO) не овозможиле пријавување на проекти за развој и одржување на таквата инфраструктура.

## Инструменти за помош на развојот

Со оглед на досегашните искуства, за воспоставување национален библиотечно-информациски систем и информациски систем за истражувачката дејност во соодветната држава, треба да се употребат и комбинираат разни инструменти за помош на развојот:

1. Обезбедување функционирање на националните библиотечно-информациски сервиси

   Најголем проблем при донесувањето одлука за имплементација на системот COBISS во некоја држава е обезбедување услови за работа на националниот библиотечно-информациски сервис. Треба:

   – да се набави адекватна сметачка опрема (сервери) и да се инсталираат интерни инсталации;
   – да се обезбеди приклучок за Интернет со адекватен капацитет, што е исклучително голем предизвик во државите со ниско ниво на пенетрација на Интернет и само делумно уреден пазар на електронски комуникации;
   – да се подготви сметачка училница за изведување на образованието и
   – да се формира и оспособи екипа од пет стручни лица (информатичари и библиотекари) за изведување на задачите во центарот.

   Форми на помош за развој: Финансирањето на уредувањето на просторот и инсталациите, набавката на најнеопходната опрема и образованието на кадрите, а во посебните случаи, исто така, и кофинансирањето за обезбедување адекватни интернетски врски за ограничен временски период. Во некои држави опременоста на националните библиотечно-информациски сервиси е задоволително.

2. Подигнување на свеста на библиотекарите за предностите на системот COBISS

   Потребно е да се надмине многу често поедноставеното сфаќање дека COBISS е само програмска поддршка за автоматизација на библиотечното работење. COBISS е, освен тоа, пред сè организациски концепт за поврзување на библиотеките во националниот библиотечно-информациски систем и мрежата COBISS.Net. Оваа дополнителна вредност, која ја преминува функционалноста на програмската поддршка, производителите на сродните производи не ја обезбедуваат (на пр. спомнатите Aleph, Voyager). За препознавање на предностите на системот COBISS од посебна важност е повеќе библиотекари од државите учеснички:

   – да ги посетат библиотеките во Словенија и да се запознаат со нивната работа која ја поддржува COBISS,
   – да се вклучат во програмите на образованието што посебно за таа намена се организираат во ИЗУМ и
   – да учествуваат на годишната конференција COBISS на која можат меѓусебно да разменуваат искуства и воспоставaт нови пријателски врски (многу од оние кои војната ги разделила се сретнале токму во Марибор).

   Форми на помош за развој: покривање на патните трошоци, трошоците за престој во Словенија и котизација за учество на конференциите.

3. Опремување на одделни библиотеки

   Повеќето библиотеки се финансирани од разни буџетски извори. Можностите за добивање инвестициски средства за набавка на персонални сметачи и друга периферна опрема се ограничени, бидејќи национални програми за систематско опремување на библиотеките практично не постојат. Опремувањето на

библиотеките може да биде непремостлива препрека токму поради тоа што надлежните не го разбираат значењето на информатизацијата на библиотеките.

Форми на помош за развој: Кофинансирање при купување на опремата, уредувањето на интерните инсталации и обезбедување адекватни приклучоци за Интернет.

4. Образование на корисниците на апликациите COBISS
Образованието на корисниците на апликациите COBISS е многу барана и трајна активност. Курсевите можат да ги држат само адекватно оспособени инструктори. Образованието на библиотекарите постепено го преземаат инструктори во националните библиотечно-информа-циски сервиси, кои за тоа имаат добиено пропишана лиценца.

   Форми на помош за развој: Финансирање на образованието на библиотекарите. Понекогаш е неопходна и помош за покривање на патните трошоци за учесниците во образованието.

5. Воспоставување национални информациски системи во истражувачката дејност
Активностите на развојот и одржувањето информациски системи за истражувачката дејност со базите на податоци за истражувачите, истражувачките организации и проектите во државите учеснички (освен во Словенија) не се уште институционализирани. Меѓутоа, универзитетските библиотеки во некои држави пристапиле кон формирање централен "регистар" на истражувачи, што претставува услов за подготвување библиографија на истражувачи во националните библиотечно-информациски системи. Нивните активности заслужуваат да бидат поддржани.

   Форми на помош за развој: Кофинансирање на организациските активности и почетното прибирање на податоците.

6. Имплементација за водење библиографии на истражувачи во системот COBISS
Денес Словенија има најорганизиран и најпрегледен систем на библиографии на истражувачи во светски размери, што претставува безусловно потребна информациска основа за вреднување на резултатите од истражувачката работа. Употребата на COBISS добила дополнителни димензии, а со тоа се поткренал, исто така, и угледот на библиотекарите во очите на истражувачите. Кон тоа се стремат и другите држави во мрежата COBISS.Net, но финансирањето на почетниот внес на библиографските записи им е голем проблем.

   Форми на помош за развој: Кофинансирање за изработка на библиографски записи за библиографиите на истражувачи во националните системи (плаќање според бројот на новите записи).

7. Поттикнување на формалното образование на библиотекарите
За развојот на библиотеките од пресудно значење е квалификационата структура на вработените. Затоа е потребно да се поттикне квалитетно универзитетско образование по библиотекарство и информациски науки. Посебно внимание треба да се посвети на понудените можности на кредитниот систем на студии, кој во сообразност со болоњскиот процес го воведоа поголем број образовни установи и од подрачјето на државите учеснички.

   Форми на помош за развој: Плаќање школарина и обезбедување стипендии за студентите.

## Улога на надлежните министерства на државите учеснички

Од министерствата надлежни за образование, наука и култура се очекува да го поддржат развојот на национално библиотечниот-информациски систем и во рамките на своите можности да ги помагаат библиотеките во реализацијата на нивните програми за опремување и оспособување за учество во кооперативниот библиотечно-информациски систем.

## Ограничувања и ризици

Основањето на библиотечно-информацискиот сервис при националната библиотека значи дека таа презема дополнителни задачи што дотогаш не ги вршела. Покрај обезбедување на потребната опрема и кадрите, вработените мораат, исто така, да го сменат односот кон другите библиотеки. Националните библиотеки, првенствено, се занимаваат со сопствени проблеми и по правило не се задолжени (некои не се ниту заинтересирани) за решение на развојните проблеми на автоматизацијата на другите библиотеки во државата. После преземање на задачите на националниот библиотечно-информациски сервис, тој однос мора суштински да се смени, што најчесто не е едноставно.

Сè е поголем бројот на библиотеките во државите учеснички кои се свесни дека доколку сакаат да ги задоволат потребите на своите корисници, својата дејност мораат што побргу да ја автоматизираат со употреба на современа информациска технологија. Одлучувањето за изборот на програмската поддршка не е едноставно, бидејќи последиците од нејзиното донесување се долгорочни. Доколку во државата не е уште прифатен концептот на националниот библиотечно-информациски систем кој диктира употреба на унифицирана програмска поддршка, проблемот е дотолку поголем. Освен тоа, ограничените инвестициски извори и локалните советници често ги принудуваат библиотеките на неоптимални решенија.

Во табелава се претставени други критични фактори за успех:

| | **Фактори на успех** | **Критични фактори** |
|---|---|---|
| 1. | Обезбедување адекватна машинска и програмска опрема | – недостаток на работни станици<br>– недостаток на комуникациска опрема |
| 2. | Обезбедување адекватен достап до Интернет | – непостоечка или недоволна организираност на националната академска интернетска мрежа<br>– монопол на понудувачи за достап до Интернет<br>– недоволен капацитет за интернетски приклучо |
| 3. | Адекватна кадровска пополнетост и оспособеност на кадри во библиотеките | – недоволна кадровска пополнетост<br>– недостаток на стручно образование<br>– недоволна оспособеност за работа во системот COBISS |
| 4. | Мотивираност на кадрите во библиотеките | – никаква или послаба дополнителна материјална стимулација |
| 5. | Обврска на националните стратешко-политички актери да ги употребуваат податоците од системот COBISS | – слаба национална политика во однос на транспарентното обезбедување информации за истражувачката работа<br>– постоење на маса непотполни, делумни и меѓусебно некомпатибилни решенија |

# ПОВИК ДО БИБЛИОТЕКИТЕ ВО РЕГИОНОТ

Библиотеките како изолирани острови не можат успешно да функционираат, туку мораат, уважувајќи го знаењето и културата, да се поврзуваат и на тој начин да обезбедуваат услови за дијалог и соработка како најдобра основа за развој на секоја поодделна држава и меѓународна заедница во целост.

Југоисточна Европа, односно Западен Балкан, има вонредни развојни потенцијали што без адекватна информациска инфраструктура не можат во целост да се пројават. COBISS.Net е формиран како заеднички проект на институциите кои во Босна и Херцеговина, Македонија, Словенија, Србија и Црна Гора презеле одговорност за развој на националните библиотечно-информациски системи врз платформата COBISS. Нашата досегашна соработка даде вонредни позитивни резултати. Затоа сме убедени во големото значење и перспективноста на COBISS.Net за развојот на регионот и неговата успешна интеграција во ЕУ.

Ги повикуваме, како библиотеките во државите каде е COBISS веќе имплементиран како национален библиотечно-информациски систем, така и библиотеките во државите на Југоисточна Европа, односно Западен Балкан каде COBISS уште не постои, да ги преиспитаат своите развојни стратегии и да се придружат кон заедничкиот проект COBISS.Net. Убедени сме дека на тој начин библиотеките во регионот ќе обезбедат инфраструктура со чија помош најбргу ќе го достигнат нивото на развиеност на библиотекарството во ЕУ и ќе овозможат неопходна размена на библиографски информации за потребите на науката, образованието и културата. Од наша страна ги нудиме стекнатите искуства и подготвеноста за соработка и помош.

Во Скопје, 9.03.2006 год.

Д-р Исмет Овчина, директор
Национална и универзитетска библиотека, Сараево, Босна и Херцеговина

Борко Зафировски, директор
Национална и универзитетска библиотека "Св.Климент Охридски", Скопје, Македонија

М-р сц. Ленарт Шетинц, директор
Народна и универзитетска библиотека, Љубљана, Словенија

Сретен Угричиќ, директор
Народна библиотека на Србија, Белград, Србија

Јелена Ѓуровиќ, директор
Централна народна библиотека "Ѓурѓе Црноевиќ", Цетиње, Црна Гора

М-р сц. Томаж Сељак, директор
Институт за информациски науки, Марибор, Словенија